РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-388/2
16-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1475/1 од 12.05.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за непостапување на службени лица од Државниот инспекторат за труд по поднесена претставка, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1475/1 од 12.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 12.05.2025 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за непостапување на службени лица од Државниот инспекторат за труд по поднесена претставка и оформен е предмет број 12-1475/1 од 12.05.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за непреземање на дејствија од страна на Државниот инспекторат за труд во врска со поднесена претставка со наводи за незаконско работење на правно лице во приватна сопственост – ///, односно работа на непријавен работник и работа во несоодветни услови.
Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за труд.

Од увидот во податоците и информациите доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

На Барање на ДКСК од страна на инспектор од Државниот инспекторат за труд на ден 11.06.2025 година во 17:00 часот бил направен обид да се изврши вонреден инспекциски надзор со цел утврдување на фактичката состојба по наводите во претставката, но правниот субјект не работел, а на излогот стоел натпис „Се отстапува“, поради што инспекторот бил оневозможен да го изврши надзорот.
На ден 12.06.2025 година во 19:30 часот бил направен повторен обид за вршење вонреден инспекциски надзор, но повторно била затекната истата состојба, поради што инспекторот не можел да изврши надзор по наводите за работа на непријавен работник и работа во несоодветни услови.
Дејствијата кои биле преземени од страна на државниот инспектор за труд се содржани во Записник за извршен инспекциски надзор /// од /// година.
На Барање на ДКСК од страна на инспектор од Државниот инспекторат за труд биле направени уште два обида за вршење инспекциски надзор – на ден 01.12.2025 година и на ден 02.12.2025 година, но просториите на субјектот на надзор повторно биле затворени.
За овие преземени дејствија од страна на државниот инспектор за труд бил составен Записник за извршен инспекциски надзор /// од /// година.

Од горенаведеното произлегува дека службени лица од Државниот инспекторат за труд презеле дејствија во насока на вршење на инспекциски надзор над субјектот /// заради утврдување на фактичката состојба по наводите за работа на непријавен работник и работа во несоодветни услови.

Имајќи предвид дека од страна на Државниот инспекторат за труд биле преземени дејствија во насока на вршење на инспекциски надзор, ДКСК утврди дека наводите од пријавата кои се однесуваат на непостапување на службени лица од Државниот инспекторат за труд по поднесена претставка не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК